

На 31 октомври 2013 г. (четврток) во 11:00 ч. во х. Холидеј ин, Скопје, МЦМС организира дебата на тема „Предизвиците на повеќекратната дискриминација“. Ве покануваме да се придружите на настанот и со вашите дискусии придонесете кон дискусијата за ова важно прашање. Воведни излагања ќе имаат Јован Ананиев, член на КЗД и Жанета Попоска, ОБСЕ. Настанот ќе го фасилитира Емина Нурединоска од МЦМС.

Целта на дебатата е да се презентира моменталната состојба во Македонија, европските искуства и практиките со справување со повеќекратната дискрриминација. Посебен осврт ќе се даде на кумулативната и интер-секциската дискриминација.

Проектот „Од норма до пракса за еднаквост“ го спроведува МЦМС во партнерство со Полио плус – движење против хендикеп, Министерството за труд и социјална политика и Комисијата за заштита од дискриминација. Проектот е поддржан финансиски од Европската Унија преку програмата Прогрес (2007-2013).

За дополнителни информации и потврда на вашето присуство контактирајте го Фисник Шабани преку е-маил fsh@mcms.mk или на телефон 070/632-692 и 02/3088-994.

**Преземи дневен ред за настанот.**

Потврди присуство преку Facebook настан.